Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

Извадок на дел од дневни настани 15.07.2023

На 14.07.2023 во 10.00 часот во Прилеп, полициски службеници од ОВР Прилеп го лишиле од слобода С.М.(38) од Прилеп. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени марихуана, дробилка со остатоци од марихуана и дигитална вага. Лицето било задржано во полициска станица и по целосно документирање на случајот, во координација со јавен обвинител, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 14.07.2023 во 10.45 часот во с.Трогирци, општина Карбинци, полициски службеници од СВР Штип го лишиле од слобода С.М.(37) од Штип. Тој се сомничи дека на 13.07.2023 во 18.30 часот на крстосница на ул.„Српски фронт" и ул.„Солидарност" во Штип физички нападнал малолетник од струмичко и одзел пари. Лицето било задржано во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

ЕВР Карпош, до Основното јавно обвинителство Скопје, поднесе кривична пријава против С.Н.(43) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „одземање возило", „кражба" и „тешка кражба". По преземени мерки, извршено вештачење и претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, било утврдено дека нејзиниот мајчиниот ќерка 06 и 07.02.2023 на ул.„Френклин Рузвелт" во Скопје одзел патничко возило „сузуки витара" со скопски регистарски ознаки, сопственост на А.П.(43) од Скопје. Возилото било пронајдено и вратено на сопственикот. Ноќта помеѓу 30.06 и 01.07.2023 на паркинг на ул. „Бранислав Нушиќ" во Скопје, преку незаклучена врата од возило „бмв" со скопски регистарски ознаки тој одзел пари и платежна картичка со која пазарел. Исто така, тој се сомничи дека во периодот од 01 до 03.07.2023 на паркинг на ул.„Орце Николов" во Скопје со употреба на сила од возило „волво" со скопски регистарски ознаки одзел пари, платежни картички и други предмети, по што со картичките пазарел.

На 14.07.2023 во 19.00 часот во Гевгелија, полициски службеници од Полициската станица Гевгелија ги лишиле од слобода И.Т.(22) од с.Прдејци, гевгелиско и А.С.(34) од с.Сопиште, скопско, затоа што кај нив била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 15.07.2023 во 00.40 часот на ул.„Карпош" во Битола, полициски службеници од СВР Битола – Одделение за недозволена трговија со дрога и оружје го лишиле од слобода М.Е.(38) од Битола затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 15.07.2023 во 00.00 часот на ул.„Нико Нестор" во Струга, полициски службеници од Полициската станица Струга го привеле Е.П.(35) од с.Биџево, струшко, затоа што при преглед кај него и во возилото кое го управувал била пронајдена и одземена бела прашкаста материја. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 15.07.2023 во 00.10 часот на ул.„Илинденска" во Тетово, полициски службеници од СВР Тетово ги лишиле од слобода Е.Ф.(21) и Ј.М.(18), двајцата од с.Добридол, гостиварско, затоа што кај нив била пронајдена и одземена прашкаста материја. По документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 15.07.2023 во 04.30 часот на ул.„Благој Ѓорев" во Велес, полициски службеници од СВР Велес ги лишиле од слобода Ј.М.(20) и еден малолетник, двајцата од Велес, затоа што кај нив била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 14.07.2023 во 21.20 часот на ул.„120" во Тетово, полициски службеници од СВр Тетово лишиле од слобода тројца малолетници од Тетово и тетовско затоа што кај нив била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Денеска (15.07.2023) во периодот од 00:00 до 04:00 часот, полициски службеници од криминалистичката полиција при СВР Битола постапило по план за „Безбедно лето 2023", при што спровеле акциска контрола за присуство на малолетници во 7 угостителски објекти за точење алкохол на малолетни лица, при што легитимирани биле 50 лица и констатирано дило присуство на шест малолетници после 24.00 часот и две точења на алкохол на малолетни лица. Во Ресен, полициски службеници од ОВР Ресен, во угостителски објекти после 24.00 часот затекнале 11 малолетници. Во Прилеп, на улица, без надзор од родители биле затекнати двајца малолетници после 24.00 часот, по што биле предадени на родителите. По документирање на настаните ќе следуваат соодветни пријави.

На 14.07.2023 во 22.30 часот на подрачје на Гази Баба, полициски службеници од Полициската станица Гази Баба го лишиле од слобода А.Н.(24) с.Грчец, општина Сарај, затоа што кај него биле пронајдени и одземени куршуми за огнено оружје. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (14.07.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територијата на град Скопје изречени се вкупно 202 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 64 санкции, 15 мерки за возење без возачка дозвола, осум санкции за прекршоци што ги прават возачите на мотоцикл, четири санкции за возење под дејство на алкохол. Изречени се девет мерки за користење мобилен телефон при возење, 12 санкции за непочитување на правенство на минување, седум мерки за минување на затворен сигнал (црвено светло), шест санкции за технички неисправни и регистрирани возила, пет мерки за некористење сигурносен појас...

На 14.07.2023 околу 16.05 часот во СВР Велес било пријавено дека на крстосница од ул.„Благој Ѓорев" и ул.„Шефки Сали", И.Ј.(41) од Велес, управувајќи мопед со велешки регистарски ознаки, изгубила контрола и со мопедот паднала на коловозот. Во несреќата, И.Ј. се здобила со тешки телесни повреди констатирани во Општа болница Велес. Увид на местото извршила екипа на СВР Велес.

На 14.07.2023 во 11.00 часот во Полициската станица Гевгелија било пријавено дека на ул.„Маршал Тито" во Богданци, Б.П.(78) од Богданци, управувајќи патничко возило „даеву" со гевгелиски регистарски ознаки, изгубил контрола над возилото и удрил во четири паркирани возила - „мерцедес" со гевгелиски регистарски ознаки, „фиат пунто" со скопски регистарски ознаки, „фиат пунто" со велешки регистарски ознаки и „лежо" со гевгелиски регистарски ознаки. Во несреќата, возачот Б.П. се здобил со тешки телесни повреди констатирани во Јавна здравствена установа Гевгелија. Увид извршила екипа од Полициската станица Гевгелија.

На 15.07.2023 во 00.50 часот во СВР Тетово, А.Л.(62) од Тетово пријавила дека на ул.„Ѓорче Петров" во Тетово била касната од куче скитник.

На 14.07.2023 во 14.45 часот во СВР Битола, М.С.(42) од Битола пријавила дека на ул.„Косјак" во Битола нејзиниот малолетен син бил каснат од куче скитник.

На 14.07.2023 во 22.20 часот во Полициската станица Гостивар, Е.К.(44) од Велес, со живеалиште во Гостивар, пријавила дека на ул.„101" во Гостивар била касната од куче скитник.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Н.П.(38) и В.К.(50), двајцата од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање на промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 24.06.2023, полициски службеници извршиле претрес во домот на првопријавениот, во кој престојувала и второ пријавената, при што пронашле и одзеле марихуана.

На 14.07.2023 во периодот од 15.00 до 20.00 часот на подрачјето на Секторот за внатрешни работи Струмица била спроведена акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. Притоа, биле констатирани 39 прекршувања на брзината, од кои 15 на подрачје на Радовиш, 12 на подрачје на Валандово, 7 на подрачје на Струмица и 5 на подрачје на Гевгелија. Сите констатирани прекршоци биле соодветно санкционирани.

На 14.07.2023 во периодот од 15.00 до 20.00 часот, при извршени засилени сообраќајни контроли на подрачјето на СВР Охрид, затекнати и санкционирани се 38 возачи кои управувале моторни возила со брзина поголема од дозволената (Охрид-24, Кичево-11, Дебар-03.)

Денеска (15.07.2023) околу 02.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека во Градската општа болница „Св.Наум Охридски" со повреди од остар предмет бил донесен малолетник од Скопје. Според пријавеното, по претходна расправија, на бул.„Христијан Тодоровски Карпош" тој бил нападнат со остар предмет од двајца други малолетници. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 14..07.2023 во 23.25 часот во Неготино, полициски службеници од Полициската станица Неготино го лишиле од слобода М.П.(37) од Неготино бидејќи претходно физички ја нападнал неговата сопруга и нејзиниот татко и им се заканувал со нож. Лицето било задржано во полициска станица, а ножот бил пронајден и одземен. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 14.07.2023 во 20.50 часот на ул „Ѓорче Петров" во Скопје, полициски службеници од Полициската станица Ѓорче Петров ги привеле А.Г.(56) и С.А.(27), двајцата од Скопје, затоа што агресивно се однесувале кон полициски службеници кои извршувале службени дејствија. По целосно документирање на случајот против нив ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

На 14.07.2023 во 18.15 часот на бул. „Гоце Делчев" во Прилеп, полициски службеници од ОВР Прилеп го привеле С.Р.(39) од Прилеп затоа што физички нападнал полициски службеници кои извршувале службени дејствија. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.
Денеска (15.07.2023) околу 01.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека во угостителски објект во Градски парк бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка. Според пријавеното, неколку лица физички ги нападнале Д.К.(22) од с.Кучевиште, скопско, М.Д.(29) од с.Брезда, скопско, С.К. и Т.К.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 14..07.2023 во 23.25 часот во Неготино, полициски службеници од Полициската станица Неготино го лишиле од слобода М.П.(37) од Неготино бидејќи претходно физички ја нападнал неговата сопруга и нејзиниот татко и им се заканувал со нож. Лицето било задржано во полициска станица, а ножот бил пронајден и одземен. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 14.07.2023 во 20.50 часот на ул „Ѓорче Петров" во Скопје, полициски службеници од Полициската станица Ѓорче Петров ги привеле А.Г.(56) и С.А.(27), двајцата од Скопје, затоа што агресивно се однесувале кон полициски службеници кои извршувале службени дејствија. По целосно документирање на случајот против нив ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

На 14.07.2023 во 18.15 часот на бул. „Гоце Делчев" во Прилеп, полициски службеници од ОВР Прилеп го привеле С.Р.(39) од Прилеп затоа што физички нападнал полициски службеници кои извршувале службени дејствија. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.
Денеска (15.07.2023) околу 01.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека во угостителски објект во Градски парк бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка. Според пријавеното, неколку лица физички ги нападнале Д.К.(22) од с.Кучевиште, скопско, М.Д.(29) од с.Брезда, скопско, С.К. и Т.К.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 14.07.2023 во 15.45 часот во СВР Тетово било пријавено дека две лица додека изведувале градежни работи во тетовското село Шипковица, А.А.(63) од тетовско Селце и Џ.Ц(50) од Република Албанија се здобиле со тешки телесни повреди од кои починале. Лекари од Итна медицинска помош констатирале смрт. На местото на несреќата биле присутни пожарникари и претставници од Државниот трудов инспекторат. Извршен бил увид од јавен обвинител и екипа на СВР Тетово, а по наредба на јавен обвинител телата на починатите биле дадени на обдукција.

На 14.07.2023 во 19.30 часот во Полициската станица Карпош, В.С.(53) од Скопје пријавила дека околу 14.15 часот на ул.„Алжирска" била физички нападната од едно лице. Се работи на расчистување на случајот.

На 15.07.2023 околу 01.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Нов Живот" бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу малолетник од Скопје и С.Р.(62) од с.Пакошево, скопско. Се работи на расчистување на случајот.

На 14.07.2023 во Полициската станица Радовиш, од Здравствен дом Радовиш било пријавено дека кај нив со повреда бил донесен А.П.(20) од с.Јаргулица, радовишко. Според пријавеното, тој се здобил со повредата при извршување работни задачи во приватна фирма. Увид бил извршен.

На 14.07.2023 во 14.15 часот во СВР Гостивар, Б.А.(51) од с.Блаце, скопско, пријавил дека околу 11.10 часот во с.Добридол, гостиварско, додека извршувал работни задачи како работен во ЈП „Македонија пат", по претходна расправија, бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 14.07.2023 во 09.50 часот во Полициската станица Ресен, И.П.(33) од Битола, со живеалиште во с.Подночани, ресенско, пријавил дека околу 09.30 часот на работно место на бензинска пумпа во Ресен бил физички нападнат од Ѓ.С.(52) од Битола. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 14.07.2023 во 13.41 часот во СВР Скопје, 50-годишна жена од Скопје пријавила дека околу 13.15 часот била физички нападната од малолетниот син на нејзиниот партнер. Се работи на расчистување на случајот.

На 14.07.2023 во ОВР Гостивар, М.А.(42) од Гостивар пријавил дека околу 14.30 часот пред угостителски објект во населба Маврови Анови, општина Маврово и Ростуше, бил физички нападнат од И.Ф.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 14.07.2023 во 12.32 часот во СВР Куманово, О.Р.(33) од Куманово пријавил дека неговата сопруга Е.С. била физички нападната од неговиот брат Ѓ.Р.(38). Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 14.07.2023 околу 23.00 часот во Полициската станица Прилеп, А.Р.(44) од Прилеп пријавила дека околу 22.00 часот нејзиниот малолетен син бил физички нападнат од неколку малолетници. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 14.07.2023 во 19.20 часот во Полициската станица Радовиш, Е.Ј.(50) од с.Коџалија, радовишко, пријавил дека во селото бил физички нападнат од Е.Е. и М.Е., при што Е.Е. употребил и метален предмет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 14.07.2023 во 23.25 часот во СВР Струмица, 35-годишна жена од струмичко село пријавила дека, по претходна расправија, била физички нападната од нејзината јатрва Н.Д., која употребила и дрвен предмет. Се работи на расчистување на случајот.

На 14.07.2023 во 20.01 часот во СВР Битола, Ј.С.(35) од Битола пријавил дека на 11.07.2023 во 00.00 часот во Битола, поради нерасчистени меѓусебни односи, бил физички нападнат од Р.Н од Битола. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 14.07.2023 во 21.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„20" во с.Сарај, скопско, настанал пожар во магацински простор од продажен објект, сопственост на С.О.(48) од Скопје. Повредени лица нема, а пожарот бил изгаснат од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје.

На 14.07.2023 околу 17.00 часот во СВР Струмица било пријавено дека на магистралниот пат Радовиш – Струмица се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „шкода октавија" сопственост на МВР и патничко возило „хонда" со бугарски национални ознаки, управувано од С.Р.С.(36) од Република Бугарија. Во незгодата со телесни повреди се здобиле седен полициски службеник и тројца сопатници во возилото „хонда" од Република Бугарија, констатирани во Медицински центар Струмица. Увид извршила екипа на СВР Струмица.

На 14.07.2023 во 12.30 часот во СВР Велес, Ф.Ќ.(29) од Велес пријавил дека на ул. „Георги Шоп Трајанов" во Велес бил каснат од куче скитник.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет